OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Скопје, 7 мај 2018 година

**Тимот на Охридска банка Сосиете Женерал трчаше на Скопскиот маратон за поддршка на деца со Даунов синдром и интелектуална попреченост**

*41 вработен трчаа за да им овозможат на децата од Посебното основно училиште „Др. Златан Сремец“ да учествуваат на 12. Меѓународен специјален атлетски фестивал во Истанбул, Турција*

Тимот на Охридска банка Сосиете Женерал и оваа година учествуваше на Скопскиот Wizz Air маратон, што се одржа на 6 мај, 2018 година. Вработените трчаа со голема мотивација да ја завршат трката, затоа што за секој истрчан километар на маратонците се донираа по 360 денари за децата и младинци од Посебното основно училиште „Др. Златан Сремец”. Износот на вкупната донација изнесува 75.000 денари.

Средствата од донацијата ќе се искористат за купување на авионски билети за учество на десет деца и младинци на овој меѓународен атлетски фестивал, во придружба на шест дефектолози.

*„Учеството на овој маратон за нас не е само обична спортска-тим билдинг активност, за нас секогаш е предизвик повеќе. Традиционално секоја година, Банката ги мотивира своите вработени што помасовно да учествуваат на овој голем настан, одвојувајќи финансиски средства за секој истрчан километар. Па така, оваа хуманитарна трка, освен лична сатисфакција, претставува и предизвик за хуманост. Нашите вработени и овој пат покажаа дека се подготвени да одговорат на предизвици и надвор од нивните секојдневни работни обврски. Охридска банка Сосиете Женерал како општествено одговорна компанија ја покажа својата посветеност кон општестото со обрнување внимание на децата со Даунов синдром и интелектуална попреченост, овозможувајќи им учество на 12. Меѓународен специјален атлетски фестивал во Истанбул“* - изјави Катерина Петровска, Раководител на Дирекцијата за маркетинг.

Воедно, оваа трка претставува дел од програмата „Време за општествена одговорност“ на Охридска банка Сосиете Женерал како дел од интернационалната програма на групацијата Сосиете Женерал, во која вработените доброволно го минуваат своето време во спортски, едукативни и хуманитарни активности.

Минатата година, тимот на Охридска банка Сосиете Женерал донираше средства за Здружението на слепи лица на Република Македонија за набавка на машини за пишување. Охридска банка Сосиете Женерал останува посветена на своите заложби да дејствува како

одговорен корпоративен граѓанин кој постојано придонесува во заедницата во која работи, а со тоа и да претставува пример за добри општествени практики

*<u>За Охридска банка Сосиете Женерал</u>*

*Охридска банка Сосиете Женерал е универзална банкарска институција која припаѓа на една од најголемите финансиски групации во светот – групацијата Сосиете Женерал. Со повеќе од 146.000 вработени, со присуство во 66 земји, Групацијата Сосиете Женерал опслужува 31 милион клиенти низ целиот свет повеќе од 150 години. Охридска банка Сосиете Женерал функционира според високите стандарди на Сосиете Женерал, почитувајќи ги четирите главни вредности на Групацијата: тимски дух, иновација, посветеност и одговорност. Основната стратегија на Охридска банка Сосиете Женерал е постојаното унапредување на квалитетот на извршувањето на банкарските услуги и нејзината целосна посветеност да ги задоволи потребите на своите клиенти. Преку своето седиште во Скопје и широката мрежа од 27 експозитури на територијата на Македонија, Охридска банка Сосиете Женерал има за цел да биде поим за банкарски односи, препознатлива на пазарот, блиска до клиентите, избрана поради својот квалитет и посветеноста на нејзините тимови. Охридска банка Сосиете Женерал во 2016 година е носител на три награди во категоријата „Најдобра банка во Македонија“ од трите најважни банкарски авторитети - “Global Finance”, “Euromoney” и “The Banker” и носител на наградата „Најдобра банка во Македонија“ во 2017 година од “Global Finance“ и “Euromoney”. Оваа година, Банката ја започна со уште една награда, повторно од Глобал Фајнанс, за „Најдобра банка во Македонија“ за 2018 година.*

**Контакт за медиуми на Охридска банка Сосиете Женерал**
Катерина Петровска
Раководител на Дирекција за Маркетинг
e-mail: katerina.petrovska@ob.com.mk
Тел: +389 2 3167 698

Ивана Петревска
Специјалист за маркетинг и комуникации
e-mail: ivana.petrevska@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 682